## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

# VIOPLEX-T®

**Спреј за кожа, прашок**

**Neomycin + Bacitracin**
**Антибиотик со широк спектар**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството бидејќи содржи важни информации за вас.**
*1 Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
*2 Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
*3 Овој лек Ви е препишан вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните сиптоми се исти како вашите*

**Внатрешното упатство содржи:**
- *Што претставува лекот Vioplex – T® и за што се употребува*
- *Што мора да знаете пред да го употребите лекот Vioplex – T®*
- *Како да го употребувате лекот Vioplex – T®*
- *Можни несакани дејства*
- *Чување и рок на употреба на лекот Vioplex – T ®*

**Виоплекс - T® / Vioplex-T®**
**спреј за кожа, прашок**

Активни супстанции**:** Neomycin (во облик на Neomycin sulfate) + Bacitracin
Ексципиенси: Колоиден Силициум Диоксид, Пентан, Пропан/Бутан гас.

### 1.ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ VIOPLEX-T® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

1g аеросол содржи: Neomycin (во облик на Neomycin Sulfate) 1338.22 IE & Bacitracin 103.80 IE
Содржина на пакувањето:
Спреј контејнер со вентил за континуирано ослободување кој содржи 121,40 g
Секоја кутија содржи 1 спреј контејнер и упатство за употреба.

Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:
ФИТОФАРМ д.о.о
ул.Качанички пат бр.156
1000 Скопје, Р. Македонија
Број на одобрение:

Име и адреса на производителот:
SJA Pharm LTD
Pharmacutical & Cosmetics Industry
61 klm National road Athinon- Lamias, 32009, Schimatari, Voiotias
+302262058088

Препаратот се користи при:

- Хируршки процедури: Локално за превенција на пост оперативни и други рани, при оштетувања на кожата, трансплантација на кожа, изгореници од прв и втор степен со ограничен обем, расцеп на фурункули и абсцеси.
- Дерматологија: за локален третман на трофични улкуси, дерматитис, рани предизвикани од лежење, хронични инфицирани дерматози како што се егзем, дерматомикози

## 2.ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ VIOPLEX-T®

**Немојте да употребувате Vioplex-T®:**
Ако сте алергични (преосетливи) кон препаратот, историја (анамнеза) на токсична реакција.

**Бидете посебно внимателни со Vioplex-T®:**
Само за локална дермална апликација.
Продолжената употреба на производот може да доведе до прекумерно растење на микроорганизми или габи кои не се осетливи на дејството на овој производ. Во случај на големи рани, чиреви или изгореници постои поголема можност од системска апсорпција, на тој начин предизвикувајќи нефротоксичност и ототоксичност.

**Бременост и доење:**
Не се применува.

**Влијание на способноста за возење и ракување со машини:**
Нема податоци.

**Важни информации за Vioplex-T®:**

VIOPLEX-T® може да ја интензивира токсичноста на аминогликозидите кога се употребува во случаи кои ја фаворизираат системската апсорпција.

## 3.КАКО ДА СЕ ЗЕМА/УПОТРЕБУВА VIOPLEX-T®

Промати го добро спреј контејнерот пред секоја употреба. Нанеси на инфицираната површина на растојание од 20 – 25 cm. Спреј контејнерот треба да се држи во исправена положба додека се шприца. За превенција од ризик од ладни изгореници се прават 3 прскања во траење од 3 секунди, а времето меѓу секое прскање да е 30 секунди.
*Забелешка:* За да се отстранат остатоците од активните супстанции во вентилот по употребата, заврти го вентилот надоле и изпразни го со стискање на вентилот се додека не почне да излегува чист пропелент. Повторно затвори го вентилот нежно. Спреј контејнерот потоа се затвара со специјалниот заштитен капак.

**ВНИМАНИЕ:**
Да не се отвара спреј контејнерот насилно. Да не се прска во близина на пламен.
Да не се фрла спреј контејнерот во оган дури и кога е празно.

Ако сте земале /употребиле поголема доза од Vioplex-T® отколку што треба

Ако сте земале поголема доза од лекот Vioplex-T® отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.

## 4.МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови Vioplex-T® може да има несакани дејства. Преосетливоста кон neomycin се манифестира како алергиска реакција со осип, оток, чешање и незаздравување на раната. Ретко, по системска апсорпција, е утврдена појава на кожен егзантем, нефротоксичност ( протеинурија, цилиндрурија, азотемиа), мускулна слабост од невромускуларна блокада.
Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

## 5.ЧУВАЊЕ НА VIOPLEX-T®

Лекот треба да се чува на ладно место, подалеку од достап на деца. Шишето е под притисок. Да не се става во близина на радијатори, да не се изложува на светлина или на температура повисока од 25°C.

**Рок на употреба:**
Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**Начин на издавање на лекот:**
Лекот се издава во аптека без рецепт.

**Решение број:** 11- 3602/2 од 30.03.2017

**Последна ревизија на текстот:**
Март, 2017 година